ПРОМЕДИКА
МЕДИКАЛ ЦЕНТАР



# In body 720 (Анализатор на телесен состав)

Анализатор на составот на телото дава детални податоци за составот (видот на ткивото) во процентуална и тежинска мерна единица.

Мерењето е едноставно со застанување на апаратот преку мерење на импендансата на протокот на струјата се мери деталениот состав на телото: масно, мускулно ткиво, протеини, минерали, вкупна вода,

Покрај тоа дава детални сегментални податоци за делови на телото, за секој сегмент поединечно (горен лев екстремитет, горен десен екстремитет, двата долни екстремитети и трупот).

Добиените (измерените) параметри се споредуваат со стандарно препорачани параметри.

Податоци добиени со ова мерење:

- Вкупна вода во телото: поединечно колку е во клетките и колку е надвор од клетките.
- Протеини
- Минерали: вградени во коска и надвор од коскен систем
- Измерена маса на маснотии во килограми
- Телесна тежина
- Сегментални маснотии (дали се висцерални-внатрешни или субкутани-подкожни)
- Пресметан вишок на маса и од кој вид е вишок/ недостаток со препорачана величина за намалување
- Софтверски изработен програм со описно објаснување на измерените вредности на телесниот состав и препораки за балансиран телесен состав.
- Скелетно мускулна маса во килограми
- Боди мас индекс
- Процентуална вредност на маснотии
- Големина на обем половина/колкови
- Сегментална дистрибуција на тежина
- Фитнес скор (вкупна оцена за телото)
- Нутриција (bodi cell mass)
- Коскен дензитет- густина (Bone mineral content)
- Базална метаболна стапка (Basal metabolic rate)

